Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Март

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Дизајн и визуелни комуникации-средства, материјали, техники, постапки и елементи: (дизајн, дезен, украс, накит, декорација, амбалажа, оригами, илустрација, фотографија, корица за книга, постер, плакат, визуелни комуникации, визуелен знак, естретска проценка) | Изработува декорација користејќи компјутер и печатар | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците ја слушаат песната „Честитка за мама“<br>https://www.youtube.com/watch?v=dblDatrSSSo<br>Учествуваат во разговорот по содржината на истата.<br>За кого е испеана оваа песна?<br>Каков е подарокот за мајката?<br>За кој празник се подготвува подарокот?<br>Каков празник е 8 Март?...<br>Се запознаваат со целта. (5 минути)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците се запознаваат со програмата за цртање Paint:<br>1. Насловна лента<br>2. Лента со менија<br>3. Лента со алатки<br>4. Лента со бои<br>5. Работна површина<br><br>Програмата нуди избор на алатки со помош на кои ја содаваме нашата креација: (молив, четка, гума, палета со бои, форми...).<br>Учениците следат фотографии на честитки за 8 Март изработени на компјутер,<br> <br><br><br> | аудио-визуелни средства (таблет/компјутер, печатач, проектор)<br>хартија во боја<br>картон | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (печатење, дизајн и визуелни комуникации);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | а потоа самите изработуваат декорации на комјутер (честитка за **8-ми март**). Изработените декорации се печатат. (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување заклучок:**<br>Секој ученик ја презентира и изложува својата изработка. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Која активност ви беше најинтересна? Што научивте?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 минути) | | |


resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Март

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | Ги користи ликовни елементи во сликањето: контраст, тонска градација, простор, текстура и ритам. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците ја следат песната: „**Првите пролетни цвеќиња**“ и разговараат по содржината на истата.<br><br>Знаете ли деца<br>штом се топи снегот<br>кое цвеќе цвета<br>најпрво на брегот<br>Кокиче е тоа<br>кокиченце бело<br>пролетта ја носи<br>во град и во село<br>Темјанушка никна<br>со панделка сина<br>Марта штом ја виде<br>од лутина зина.<br>И жолтиот нарцис<br>аплаузи прима<br>расцутел, се прчи<br>нема веќе зима.<br>И лалето тој час<br>си отвара очи<br>нема веќе зима<br>сончко зраци точи.<br><br> | средства и материјали за сликање (водени бои, блок, четки, хамер хартија, темперни бои, палета, хартија во боја). | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кои цвеќиња се спомнуваат во песната?<br>Секое цвеќе се опишува. (облик, боја, големина,...)<br>Се запознаваат со целта (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците сликаат на мотив „**Цвеќе во вазна**“, со молив, темпера и техника/гваж, користејќи боја, простор, контраст во боја и тонска градација.  (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Изложување на ликовните творби, разгледување и анализа на истите во однос на ликовни елементи во сликањето простор, контраст, тонска градација. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Март

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовен јазик во пластичното обликување и градење: (тридимензиона лна форма, простор, текстура, детаљи, движење, ритам, насока, споменик (скулптура, биста, фонтана, фигура), макета, композиција, детаљ, целина, текстура) | Опишува различните скулптурни решенија и прави разлика помеѓу нив.<br> | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците следат презентација: „Моето семејство“, а потоа одговараат на прашањето: Што е семејство? Кој го сочинува семејството? Учениците разговараат за своето семејство, љубовта, како таа се изразува, раскажуваат за некој убав настан од семејството (роденден, венчавка, слава) колку членови има нивното семејство. Се запознаваат со целта.(5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците се потсетуваат на различните видови на материјали за обликување и градење (глина, гипс, дрво, метал, камен...).<br>Учениците ги следат објаснувањата за моделирање пропорционално човечко тело: (Должината на главата мерена надолу од главата до нозете во телото се содржи 8 пати. Ако фигурата ја поделиме на два дела ќе откриеме каде се наоѓаат колковите.)<br>Пропорцијата кај децата е различна од онаа кај возрасните.<br><br><br>Учениците обликуваат на мотив „Човечки фигури“ (семејство), со глина, глинамол и тесто, користејќи форма, хармонија на големина. | комјутер проектор средства и материјали за пластично обликување и градење (тесто, глина, глинамол, шпахтли) | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (пластично обликување и градење);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците моделираат со лесно додавање, одземање или лепење на материјалот, работат со прсти, а можат и да употребуваат разни алатки (шпахтли). (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат изработените форми, ги разгледуваат и анализираат. При тоа прават разлика помеѓу различните скулптурни решенија. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk

| содржини<br>(и поими) | стандарди за оценување | часови<br>и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Подлоги, средства, материјали, техники и постапки за пластично обликување и градење: (глина, глинамол, пластелин, брашно, тесто, природни и вештачки материјали, геометриски форми, плодови, длабење, гребење, перфорирање, каширање) | Користи и комбинира различни, подлоги, средства и материјали за обликување и градење.<br>Применува различни техники и постапки при создавањето облици и градби. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Преку техниката **Минута размислување** учениците се потсетуваат на материјали за пластично обликување и градење: глина, пластелин, брашно, тесто, природни и вештачки материјали.<br>Преку техниката **Минута размислување** учениците се потсетуваат на техниките и постапките за пластично обликување: длабење, гребење, перфорирање, цртање, каширање. Се запознаваат со целта.(5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот покажува слика на глувче и слон, а учениците ги воочуваат карактеристиките и ги опишуваат.<br><br>Потоа следат видео:<br>**Како да направите глувче од глина**<br>https://www.youtube.com/watch?v=0tOcqoKq5zI<br>и **Како да направите слон од глина**<br>https://www.youtube.com/watch?v=FisTaH0kyO0<br><br>Учениците обликуваат на мотив „Слон и глушец“, со глина, глинамол и тесто. При обликувањето се внимава на формата, обликот и контраст. (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат изработените форми, ги разгледуваат и анализираат во однос на формата, обликот и големината. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | средства и материјали за пластично обликување и градење (тесто, глина, глинамол) | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (пластично обликување и градење);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk